Меѓународна научна конференција
„Влијанието на научно – технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во
Република Македонија“

# Теориски аспекти на социометрискиот статус на учениците (отфрлени/прифатени) и неговото образовно значење

*М-р Ана Станковска*

*Проф. д-р Соња Петровска*

*Универзитет „Гоце Делчев“*

*Штип*

1. Прифаќањето како карактеристики на интерперсоналните односи.

2. Прифаќањето како димензија преку кои членовите на групата можат да бидат диференцирани.

3. Кои се прифатените деца?

4. Кои се отфрлените деца?

5. Кои се запоставените деца?

## *Развој и примена на социометријата во педагошките истражувања*

- Примена на социометријата како техника за проучување на интеракциските односи во групите - Bogardus, 1928, Moreno, 1934.

- Алтернативна социометриска постапка - Singleton & Asher, 1977, петостепена Ликертова скала.

- Развој на нова валидна верзија на социометриската техника - Coie & Dodge,1983. Оваа методолошка процедура најчесто била спроведувана во ученички колективи (одделенија). подразбирала барање до испитаниците да именуваат 3 до 5 членови од групата кои најмногу и најмалку им се допаѓаат.

## *Развој и примена на социометријата во педагошките истражувања*

- Методолошка процедура со која се добиваат податоци за перцепциите на поединците во однос на групното прифаќање, но не и на вистинското прифаќање на поединецот. (Buskirk et al., 2004; LaFontana & Cillessen, 1999; Parkhurst & Hopmeyer, 1998).
- Понови истражувачки наоди од областа на социјалната интеракција базирани на социометриската техника се насочени кон зголемување на класификациската моќ на социометријата (DeRosier & Thomas, 2003), но и на откривање на карактеристиките на прифаќањето и отфрлањето како детерминанти на социјалната интеракција

## *Значењето на социометрискиот статус на учениците за воспитно-образовната успешност на децата*

- Социометрискиот статус на учениците има исклучително влијание (директно и индиректно) врз социјалните, емоционалните, когнитивните аспекти на личноста, како и врз воспитно- образовната успешност / неуспешност кај децата и младите.

***Истражувачки наоди***

За оние ученици кои не се прифатени од своите врсници често се констатира дека остануваат заробени во постојано негативните социјални модели на осаменост, отфрленост или изолација. Овие деца го носат товарот од широк спектар на проблеми во текот на нивните образовни кариери, зголемена е веројатноста за деликвентно однесување, за ментални болести, и доживотни емоционални пореметувања.

Понизок училиштен успех

Деликвенција,
Ментални болести,
Доживотни емоционални проблеми

Депривирано чувство на припадност,
Чувство на осаменост
Негативна слика за себе

## *Воспитно-образовните придобивки од прифатеноста на учениците (предадолесцентски и адолесцентски период)*

- Популарните ученици поминуваат повеќе време во активности поврзани со учењето и стекнување на знаења за време на часовите. (Vosk et al., 1982).
- Популарните ученици имаат помалку академски проблеми наспроти отфрлените. (Coie & Dodge, 1988)
- Тие се покооперативни и подобри лидери и воопшто се социјално повешти. (Coie & Dodge, 1988)
- Прифатените ученици, оние кои остваруваат позитивна интеракција со своите врсници покажуваат повисоки училишни постигнувања. (Green et al., 1980).
- Популарните ученици се академски поуспешни и повеќе им помагаат на останатите ученици наспроти учениците кои имаат просечен статус. (Wentzel & Asher, 1995).

## *Воспитно-образовните придобивки од прифатеноста на учениците (предадолесцентски и адолесцентски период)*

- Учениците со висок социометриски статус покажуваат значајно подобар училишен успех наспроти учениците со низок социометриски статус. (Крњајић, 1981; Zettergren, 2003)).
- Учениците со висок социометриски статус имаат помалку проблеми во односите со нивните наставници. (Murray & Murray, 2004).
- Прифатеноста во групата на врсници се покажала како добар предиктор за развојот на менталното здравје (Robins i Rutter, 1990; Kupersmidt i Patterson, 1991; Boivan i sar., 1994, prema: Ladd, 2005; Parker i Asher, 1987). (според Jelica Petrović i Marija Zotović, 2007, стр. 442)

## *Фактори кои влијаат на социометрискиот статус на учениците*

- *Семејството (социо-економски статус, педагошки постапки на родителите, културниот контекст). (Соња Петровска, 2009)*
- *Наставникот (методичко - дидактичките пристапи, организација, индивидуалниот пристап кон учениците). (Ана Станковска, 2013)*
- *Ученичкиот колектив* (Kinderman, 1993)

## ***Учениците во врсничките групи стекнуваат широк репертоар на социјални вештини (Fine, 1987)***

- Учат како да се вклучат во кооперативните активности кои се насочени повеќе кон остварување на колективни отколку на индивидуални цели.
- Научуваат за функционирањето на социјалната структура.
- Стекнуваат вештини поврзани со лидерството и како да се следат другите.
- Се оспособуваат да си ги самоконтролираат непријателските чувства кон другите.
- Се оспособуваат за трансформирање на агресивноста во лојалност на групата.

*Развојот на децата преку учење во групи станува се поважно во однос на развојот на детето во семејството. Попрецизно, при оформувањето на својот идентитет, се чини најбитно за детето е да се постави соодветно во својата врсничка група. (Parker J.G., Rubin K.H., Erath S.A., Wojslawowicz J.C., Buskirk A.A., 2006, p. 419).*

## *Заклучок*

- Социјална кохезија: Социометрискиот статус на учениците е значаен не само за нивниот личен развој туку и воопшто за развојот на социјалната интеракција во поширокиот општествен контекст.
- За едно дете да порасне во психофизички здрава личност, неопходно е да се земат предвид неколку развојни аспекти, помеѓу кои е и социјалниот аспект.
- Доколку правилниот социјален развој е попречен од одредени причини, тоа не само што може да резултира со социјална изолација, туку може да се одрази на сите останати развојни сегменти.
- Во поширока смисла, тоа може да влијае на целокупниот процес на градење на личноста на детето, осознавање на светот, развивање на сопствените потенцијали и спознавање на самиот себе си и опкружувањето околу себе (процес на self-actualization